**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број УП1 11-234**
**05.11.2021**
**Скопје**

Врз основа на член 148 став 3 од Изборниот Законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019, 42/2020, 74/2021 и 215/21) и Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија, со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, Државната изборна комисија во состав Претседател Александар Даштевски, потпретседател Дитмире Шеху, членовите Оливер Ристовски, Борис Кондарко, Радица Ристеска, Бобан Стојаноски, Кренар Лога, на седницата одржана на **04.11.2021** година донесе:

# РЕШЕНИЕ

Приговорот со бр. **УП1 11 - 234** од 02.11.2021 година, поднесен од Демократска Унија за Интеграција„ преку овластениот претставник Фитим Лога за повреда на постапката за гласање и сумирање на резултати предвидена со Изборниот законик, на избирачко место 2355 се **ОДБИВА**.

Резултатите од спроведеното гласање на наведеното Избирачко место, по кандидатски листи за градоначалник на општината, **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

## **Образлож ение**

На 02.11.2021 година во 15:40 часот, од Демократска Унија за Интеграција, преку овластениот претставник Фитим Лога поднесе приговор, со број **УП1 11-234,** за сторени неправилности во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите на Избирачко место **2355** во Општина Студеничани.

*Во поднесениот приговор подносителот наведува дека на избирачкото место се спровело семејно гласање каде што од страна на претседателот на ИМ не му е укажано на гласачите дека не смеат и не се преземани никакви законски мерки да се спречи истото.*

*Во прилог на приговорот се доставени докази во форма на изјава дадена од Рамис Сулејмани, член на ИМ 2355, во која изјавува дека на избирачкото место е забележано групно и фамилијарно гласање и приговор до Општинска изборна комисија Студеничани, поднесен од Орхан Шабани, претставник на политичка партија ДУИ.*

Државната изборна комисија на својата седница, одржана на ден 04.11.2021 година, постапувајќи по овој приговор утврди дека согласно Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, приговорот ги исполнува формалните услови за да може да се постапува по него.

Разгледувајќи ги наводите од поднесениот приговор, а имајќи го предвид и образложението за наводите од истиот од страна на овластениот претставник на подносителот, Државната изборна комисија утврди дека поднесениот приговор е неоснован и без било какви докази во поткрепа на наводите од истиот, односно без било какви забелешки во записниците Образец бр.16б и Образец бр.21б во карбонизирана копија од оригиналниот

записник, која овластените претставници на листи ја добиваат од страна на избирачкиот одбор по завршување на гласањето за постапката и текот на гласањето и постапката за сумирање и утврдување на резултати.

Согласно член 22 став (1) од Изборниот законик законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), секој подносител на листа на кандидатите за избор на претседател на Републиката, пратеници, членови на совет и градоначалник има право да определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата во изборните органи од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на резултатите, додека согласно став (5) од истиот член, претставникот на подносителот на листата, може да предупреди за неправилности во нивната работа, а доколку не биде прифатено предупредувањето, може да побара тоа да биде внесено во записникот.

Согласно 105 став (1) од Изборниот законик законик, претставниците на подносителите на листи, доколку имаат забелешки на работата на избирачкиот одбор за време на гласањето, можат да укажат на неправилностите, со цел тие да бидат отстранети. Согласно став (2) од истиот член, претседателот на избирачкиот одбор е должен на присутните претставници на подносителите на листи, ако имаат забелешки, да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право. Сумирањето и утврдувањето на резултатите од гласањето на гласачките места се врши согласно член 114 од Изборниот законик, во законски регулирана постапка, во присуство на членовите на ИО и во присуство на овластени претставници на подносители на листи за кандидати и акредитирани набљудувачи.

Согласно 116 став (3) од Изборниот законик, во записникот се внесуваат и забелешки дадени од членовите на избирачкиот одбор или овластените претставници на подносителите на листи во однос на евентуални конкретни неправилности во текот на гласањето и утврдување на резултатите, кои треба да бидат конкретно опишани.

Имајќи го предвид напред наведеното и цитираните одредби, Државната изборна комисија утврди дека поднесениот приговор е неоснован.

Согласно сето напред наведено, а врз основа на член 147-а став (1) од Изборниот законик, Државната изборна комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение имате право на тужба до Управен суд на Република Северна Македонија преку Државна изборна комисија во рок од 24 часа од приемот на решението.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Александар Даштевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА • СКОПЈЕ / SHKUP • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • KOMISIONI SHTETËROR I ZGJEDHJEVE